**20180561059**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/17) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 20.3.2018 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА ЗА 2018 ГОДИНА**

I. Со оваа програма се уредува финансирањето за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2018 година, вкупните средства потребни за извршување на оваа програма во целина и изворот на средствата.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 19.400.000,00 денари се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2018 година, Раздел 150.01 - Министерство за труд и социјална политика, Потпрограма 4А - Изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица и ќе се користат за следните намени:

- Изведување на градежни работи за реконструкција на Дневен центар за лица со посебни потреби во Општина Гевгелија
- Изведување на градежни работи за адаптација на простор за Дневен центар за деца со церебрална парализа во Општина Прилеп
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за Дневен центар за деца со церебрална парализа во Општина Прилеп
- Изведување на градежни работи за реновирање и адаптација на простор за Мал групен дом во Општина Штип
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за Мал групен дом во Општина Штип
- Изведување на градежни работи за реновирање на простор за Дневен центар за стари лица во Општина Босилово
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за Дневен центар за стари лица во Општина Босилово
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица „Др. Иван Влашки“ во Општина Берово
- Изведување на градежни работи за адаптација на простор за Дневен центар за стари и возрасни лица во село Извор во Општина Чашка
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за Дневен центар за стари и возрасни лица во село Извор во Општина Чашка
- Изведување на градежни работи за адаптација на простор за Центар за продолжен престој на ученици вклучени во специјални паралелки и инклузивно образование и за дневен престој за деца со попреченост вон образовниот процес во Општина Куманово
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за Центар за продолжен престој на ученици вклучени во специјални паралелки и инклузивно образование, и за дневен престој за деца со попреченост вон образовниот процес во Општина Куманово
- Изведување на градежни работи за доградба на простор на Здружение - Регионален центар за лица со интелектуална попреченост „ПОРАКА НАША“, Куманово
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за Здружение - Регионален центар за лица со интелектуална попреченост „ПОРАКА НАША“, Куманово
- Изведување на градежни работи за реконструкција на простор на Дневен центар за деца со телесна или ментална попреченост во Општина Неготино

- Изведување на градежни работи за адаптација на простор за Дневен центар за лица со Даунов синдром во Општина Центар, Скопје
- Изведба на кровопокривачки и градежно занатски работи во Дневен центар за лица со посебни потреби село Оризаре, општина Липково.

II. Во 2018 година, со средствата од Потпрограма 4А - Изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица, ќе се измират и обврски за капитални инвестиции за објекти за социјална заштита и домови за стари лица за проекти започнати во 2017 година.

III. Следење на спроведувањето на оваа програма врши Министерството за труд и социјална политика и за истото доставува извештај до Владата на Република Македонија, на секои шест месеци.

IV. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-2822/1<br>20 март 2018 година<br>Скопје

Претседател на Владата<br>на Република Македонија,<br>**Зоран Заев,** с.р.